КИРСМ

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комората на извршители на Република Северна Македонија**

**за периодот од 1 јануари 2021**

**до 31 декември 2021 година**

## СОДРЖИНА


ВОВЕД .....4

1.Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Северна Македонија .....4

1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ .....8

1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето .....8

2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората ..... 17

2.1 Управен одбор на КИРСМ ..... 18

2.2 Претседател на КИРСМ ..... 26

2.2.1 Разгледување на претставки ..... 26

2.2.2 Утврдување на просторни услови ..... 27

2.2.3 Членарина ..... 28

2.2.4 Средби ..... 28

2.2.5 Соработка со Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер ..... 30

2.2.6 Заштита на лични податоци ..... 30

2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ ..... 31

2.4 Надзорен одбор на КИРСМ ..... 32

2.5 Стручен совет на КИРСМ ..... 33

2.6 Комисија за стручна едукација на извршители ..... 33

2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител ..... 33

2.8 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа ..... 34

2.9 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување ..... 34

3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници ..... 35

4.Меѓународни активности на КИРСМ ..... 36

5.Регионална соработка на КИРСМ ..... 36

6.Односи на КИРСМ со домашни и странски институции ..... 37

7.Нормативна активност на Комората на извршители ........................................................................ 38

8.Односи на КИРСМ со други институции ......................................................................................... 38

9.Односи со медиумите ........................................................................................................................ 38

10.Одбележување на петнаесетгодишнина од основање на Комора на извршители на Република Северна Македонија ................................................................................................................... 39

11.Планови на Комората за 2022 година .............................................................................................. 40

# ВОВЕД

Во насока на исполнување на надлежноста од член 29 став 1 алинеја 15 од Статутот на Комората на извршители на РСМ во натамошниот текст (КИРСМ), Претседателот на КИРСМ го изготви овој извештај за севкупните активности на Комората за 2021 година и го доставува до Собранието на Комората на редовната годишна седница.
Овој извештај има за цел да ги презентира активностите кои Комората на извршители ги преземала во текот на 2021 година, со посебен акцент на анализа на постигнатите резултати во извршувањето, работата на органите на Комората, комисиите и работни тела на Комората, активности преку одржани семинари, обуки и работилници, меѓународната и регионалната соработка на Комората, односите со домашни и странски институции, медиуми и слично.

## 1.Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Северна Македонија

Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители на 31.12.2021 година изнесуваше 96, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Северна Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година е резултат на бришење од Именикот на извршители на девет извршители.

Во оваа извештајна година се спроведе бришење во Именикот на извршители при Комората на извршители, на следниве извршители:

1. Извршител Александар Тасевски од Скопје чија што должност престана поради изречена дисциплинска мерка – трајно одземање на правото на вршење на должноста извршител- со денот на правосилноста на одлуката на дисциплинската комисија;
2. Извршител Милица Николовска од Битола чија што должност престана согласно барање за ослободување од вршење на должност;
3. Извршител Весна Младеновиќ од Скопје чија што должност престана согласно барање за ослободување од вршење на должност;

4. Извршител Џемајљи Арифи од Тетово чија што должност престана поради наврѕувањe на 64 години возраст, согласно закон;
5. Извршител Александар Пулејков од Скопје чија што должност престана согласно барање за ослободување од вршење на должност;
6. Извршител Даница Страчкова од Скопје чија што должност престана поради наврѕување на 64 години возраст, согласно закон;
7. Извршител Јане Митрески од Прилеп чија што должност престана согласно барање за ослободување од вршење на должност;
8. Извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје чија што должност престана согласно барање за ослободување од вршење на должност и
9. Извршител Драган Алексиќ од Куманово чија должност престана поради смрт.

Во оваа извештајна година Министерството за правда на РСМ именуваше извршители за следните подрачја

1. Извршител Ивана Нешовска од Скопје за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Александар Тасевски;
2. Извршител Павел Поп-Иванов од Скопје за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Весна Младеновиќ;
3. Извршител Александра Заринска Дуровска за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Александар Пулејков;
4. Извршител Влатко Лалаков од Кавадарци за подрачјето на Основен суд Кавадарци, Основен суд Неготино, Основен суд Велес и Основен суд Гевгелија;
5. Извршител Игор Антевски за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Даница Страчкова;
6. Извршител Никола Богатинов за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје на местото на извршител Магдалена Симовска Давидовиќ.

На барање на Комората 94 извршители пополнија и приложија до КИРСМ анкетни листови за 2021 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| **АНКЕТА ЗА ВРАБОТЕНИ ЗА 2021 ГОДИНА** | | |
|---|---|---|
| **р.б** | **Прашање/ Извршител** | ВКУПНО |
| 1 | **Вкупниот број на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки го и извршителот) изнесува:** | 429 |
| 2 | **Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи го извршителот и волонтерите) изнесува: НАПОМЕНА:Ве молиме изразете го степенот на завршено образование на вработениот според работното место ( пр: заменикот вработен во канцеларијата ќе биде изразен само во ставката дипломиран правник со положен испит за извршители)** | 335 |
| | * со средно образование | 83 |
| | *дипломирани правници | 138 |
| | *со друго високо образование | 43 |
| | *дипломирани правници со положен правосуден испит | 106 |
| | *дипломирани правници со положен испит за извршители | 36 |
| | *основно образование | 1 |
| | *друго (наведете) Више образование | 1 |
| 3 | **Мојот Заменик извршител е:** | |
| | *вработен во канцеларија ( можен одговор ДА или НЕ) | 19 одговори ДА<br>38 одговори НЕ |
| | *друг извршител (можен одговор ДА или НЕ) | 68 одговори ДА<br>9 одговори НЕ |
| 4 | **Број на помошници извршители** | 34 |
| 5 | **Број на волонтери** | 7 |
| 6 | **Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија?** | 500 |
| 7 | **Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не)** | 92 одговори ДА |
| 8 | **Со колку службени возила располага Вашата канцеларија?** | 78 |
| 9 | **Со колку квадратни метри располага Вашата извршителска канцеларија?** | 7257 |
| 10 | **Дали користите електронски пристап по чл.36 ст.10 од ЗИ до услугите на: (одговорете со да или не)** | 28 одговори ДА<br>0 одговори НЕ |
| | *Централен регистар | 78 одговори ДА<br>14 одговори НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | *Управа за јавни приходи | 67 одговори ДА<br>24 одговори НЕ |
| | *КИБС | 93 одговори ДА<br>0 одговори НЕ |
| | *Катастар | 93 одговори ДА<br>0 одговори НЕ |
| | *е банкинг плаќање | 91 одговори ДА<br>1 одговори НЕ |
| | *Агенција за вработување на РМ | 91 одговори ДА<br>1 одговори НЕ |
| | *Управата за водење на матични книги, | 8 одговори ДА<br>83 одговори НЕ |
| | *Министерството за внатрешни работи | 2 одговори ДА<br>89 одговори НЕ |
| | *Министерство за труд и социјална политика | 86 одговори ДА<br>4 одговори НЕ |
| | *друго (наведете) | / |
| **11** | ***On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.)** | 26 одговори ДА<br>55 одговори НЕ |
| **12** | **Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не)** | 86 одговори ДА<br>0 одговори НЕ |

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите, изнесува 335 .

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија без извршител |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |
| 2018 | 97 | 422 | 4,35 |
| 2019 | 91 | 362 | 4,02 |
| 2020 | 99 | 351 | 3,61 |
| 2021 | 96 | 335 | 3,48 |

## 1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ

Во однос на техничката опременост на КИРСМ, истата располага со: 4 Десктоп компјутери со MS Office, 2 лаптоп компјутери, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 телевизор, 1 фотокопир, 1 скенер, 3 статични телефонски апарати, 1 метален сеф, 1 огноотпорен ормар, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на Стручната служба на КИРСМ, се состои од четири лица во редовен работен однос, од кои едно лице како помлад стручен соработник[1], едно лице како стручен соработник, едно лице како правник и едно лице како самостоен референт за архивско и канцелариско работење.

## 1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извештаи за работа на извршителите се следните:

Во извештајната 2021 година, бројот на вкупно примени барања за извршување во извршителските канцеларии изнесува 123.668 барања, додека пак завршени се 59.205 предмети.

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | € 20,217,987.00 |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | € 49,294,201.00 |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | € 60,054,078.00 |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | € 78,054,164.00 |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | € 94,760,634.00 |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | € 80,106,316.00 |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | € 104,312,352.00 |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | € 127,780,882.00 |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | € 107,876,768.00 |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | € 107,646,962.00 |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | € 118,964,677.41 |
| 2017 | 88,723 | 56,163 | 63,30 % | € 166,224,905.97 |
| 2018 | 112,250 | 62,515 | 55,69% | € 126,966,895.41 |
| 2019 | 121,812 | 57,065 | 46,84% | € 123,255,351.58 |

1 Помладиот стручен соработник од 24.10.2019 година е назначен за вршител на должност Генерален секретар на КИРСМ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 101,360 | 42,233 | 41,66% | € 123,163,049.63 |
| 2021 | 123,668[2] | 59,205[3] | 47,87% | € 130,005,233.91 |
| **Вкупно за 16 години** | 1,670,873 | 623,759 | **37.33%** | **1,618,684,457.91 €** |

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2021 година изнесува 130,005,233.91 евра.

| **Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2021 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Број на извршители** | **Примени барања** | **Реализирани** | **Процент на реализација[4]** | **Наплатени средства во евра** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 4 | 4430 | 2375 | 53.612 | 3,044,129.38 € |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 5 | 6757 | 2767 | 40.950 | 9,501,381.11 € |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 11 | 8820 | 4581 | 51.939 | 7,580,936.42 € |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 6 | 7729 | 3727 | 48.221 | 4,751,956.36 € |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 8 | 7763 | 4457 | 57.413 | 7,290,025.87 € |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 4 | 5280 | 3839 | 72.708 | 6,591,154.98 € |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 5 | 6003 | 3085 | 51.391 | 3,835,076.28 € |
| **8. Основен суд граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | 34 | 55153 | 24962 | 45.260 | 68,388,362.78 € |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 8 | 7517 | 3173 | 42.211 | 8,366,472.13 € |
| **10. Основен суд Тетово** | 5 | 7441 | 3178 | 42.709 | 7,546,148.68 € |

[2] Согласно одлука на Управен одбор на КИРСМ 02-205/5 од 23.05.2022 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2021 година

[3] Согласно одлука на Управен одбор на КИРСМ 02-205/5 од 23.05.2022 година, податоците за оваа ставка се преземаат од Годишните писмени извештаи за работата на извршителите за 2021 година

[4] Процентот на реализација е пресметан помеѓу вкупно реализираните барања за извршување во соодност со вкупно примените барања за извршување

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 6 | 6775 | 3061 | 45.181 | 3,109,589.92 € |
| **ВКУПНО:** | **96** | **123668** | **59205** | 47.874 | **130,005,233.91 €** |

Процентот на реализација[5] во 2021 година, кој е изразен како соодност на вкупно реализираните барања за извршување од примените барања за извршување во извештајната година согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот е прикажан во табелата за процент на реализација за 2021 година. Најмногу реализирани барања за извршување од примените во 2021 година или 24.15% има подрачјето на Основниот суд Охрид, Основниот суд Струга и Основниот суд Дебар а додека пак подрачјето на Основниот суд Велес, Основниот суд Гевгелија, Основниот суд Кавадарци и Основниот суд Неготино имаат најмал процент на реализација на примени барања за извршување во 2021 година односно 12.61%.




[5] Процентот на реализација е изразен согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот

Табеларен приказ на процентот на реализација споредбено за последните осум години :

| **Подрачје** | **Процент на реализација во 2014 година** | **Процент на реализација во 2015 година** | **Процент на реализација во 2016 година** | **Процент на реализација во 2017 година** | **Процент на реализација во 2018 година** | **Процент на реализација во 2019 година** | **Процент на реализација во 2020 година** | **Процент на реализација во 2021 година** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | **35.76** | 43.92 | 34.96 | 19.52 | 10.23 | 9.81 | 12.38 | 19.21 |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | **44.6** | 49.6 | 37.07 | 22.96 | 18.53 | 16.09 | 13.99 | 22.38 |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | **48.39** | 41.08 | 42.59 | 15.67 | 5.81 | 8.33 | 7.67 | 12.61 |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | **17.93** | 29 | 12.91 | 9.49 | 7.20 | 4.81 | 7.01 | 17.76 |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | **31.17** | 32.56 | 18.61 | 14.46 | 10.96 | 6.67 | 7.21 | 14.75 |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | **34.17** | 29.32 | 23.97 | 15.61 | 12.59 | 11.03 | 10.46 | 24.15 |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | **32.06** | 34.17 | 46.24 | 22.44 | 11.63 | 8.96 | 7.92 | 16.13 |
| **8.Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | **26.6** | 31.02 | 19.91 | 14.12 | 9.86 | 10.30 | 9.50 | 16.88 |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | **39.66** | 39.83 | 37.21 | 21.22 | 8.91 | 9.30 | 9.33 | 13.13 |
| **10. Основен суд Тетово** | **20.65** | 20.58 | 13.12 | 8.23 | 6.55 | 7.09 | 8.39 | 17.01 |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | **37.28** | 39.28 | 37.65 | 24.72 | 21.12 | 14.21 | 13.28 | 23.56 |

Според податоците од оваа извештајна година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите, извршителите од подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во висина од 4,205,884,311.00 денари, додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Виница, Основен суд Берово и Основен суд Делчево во висина од 187,213,957.00 денари.



Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од примените извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| над 1 година | 18453 | 22899 | 27537 | 32004 | 37775 | 32372 | 24453 | 32996 |
| од 6 до 12 месеци | 7037 | 7290 | 6781 | 6792 | 4655 | 4473 | 4411 | 5129 |
| од 3 до 6 месеци | 5726 | 5521 | 4649 | 5181 | 3981 | 4105 | 3199 | 4636 |
| до 3 месеци | 18236 | 16729 | 15713 | 13440 | 16061 | 16407 | 13083 | 20344 |

Споредбено по години, во бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите во 2021 година се забележува зголемување, па во оваа извештајна година реализирани се вкупно 59,205 извршни исправи.




## Сума на наплатени средства според доверители

Врз основа на добиените податоци од кварталните извештаи за 2021 година, според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 1,569,557.37 евра. Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 109,788,594.13 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РСМ, додека пак во полза на физичките лица - доверители реализирани се 19,767,368.33 евра.

| Сума на наплатените средства според доверители | Износ во денари и евра за 2021 година | |
|---|---|---|
| - за физички лица | 1,215,693,152.00 ден | 19,767,368.33 € |
| - за правни лица | 6,751,998,539.10 ден | 109,788,594.13 € |
| - за РМ | 96,527,778.00 ден | 1,569,557.37 € |




## Сума на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во 2021 година наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 73,966,193.32 евра, потоа од физички лица износ од 36,927,552.86 евра и крајно од Република Северна Македонија износ од 20,198,267.40 евра.

| Сума на наплатените средства според должници | **Износ во денари и евра за 2021 година** | |
|---|---|---|
| - од физички лица | 2,271,044,501.02 ден | 36,927,552.86 € |
| - од правни лица | 4,548,920,889.08 ден | 73,966,193.32 € |
| - од РМ | 1,242,193,445.00 ден | 20,198,267.40 € |




| | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - од физички лица | 36,927,552.8 | 24,662,033.7 | 34,745,749.01 | 33,423,971.4 | 32,879,905.3 | 35,255,236.6 | 29,161,731.7 |
| - од правни лица | 73,966,193.3 | 89,485,148.5 | 67,931,679.66 | 78,778,108.4 | 122,495,592. | 70,155,109.6 | 62,740,800.9 |
| - од РМ | 20,198,267.4 | 9,432,440.99 | 21,992,815.93 | 15,946,914.8 | 11,613,185.0 | 14,622,707.8 | 15,744,501.0 |

Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2021 година е вкупно 14 барања за извршување.




| | 2008 година | 2009 година | 2010 година | 2011 година | 2012 година | 2013 година | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Series1 | 812 | 701 | 1073 | 900 | 622 | 495 | 500 | 220 | 180 | 49 | 14 | 20 | 24 | 14 |

## 2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората

Собранието на КИРСМ во текот на оваа извештајна година одржа една редовна седница и две вонредни седници, на кои беа донесени следните поважни одлуки:

**<u>На седница на петнаесетото Редовно Годишно собрание на КИРСМ одржано на ден 26.02.2021 година во хотел DoubleTree by Hilton,</u>** Скопје беа донесени одлуки со кои се усвои Годишниот извештај за работата на КИРСМ од 01.01.2020 до 31.12.2020 година и се задолжи Стручната служба на КИРСМ да го дополни Годишниот извештај за работата на КИРСМ од 01.01.2020 до 31.12.2020 година во кој ќе бидат содржани податоци од примени и реализирани предмети во тековната година и краток осврт а кои ќе бидат составен дел на Годишниот извештај за работата на КИРСМ од 01.01.2020 до 31.12.2020 година. Годишниот писмен извештај за работата на извршителот во претходната година, кој се доставува најдоцна до 15 март во тековната година, извршителите да го доставуваат до Комората согласно член 56 став 2 од Законот за извршување. Понатаму, се усвои Годишната сметка и Финансискиот извештај за работата на КИРСМ за 2020 година, се усвои предлог од Извршител Златко Пејовски за инвестирање во деловен простор за потребите на Комората односно да се пристапи кон купување на недвижност за седиштето на Комората на извршители на РСМ, се усвои предлог на Извршител Владо Мицковски во предлог Финансискиот план за 2021 година да се додаде нова ставка 52- за учество за купување на недвижност на Комората, со предвидени расходи во износ од 2.000.000,00 денари и вкупно расходи по сите ставки во износ од 9.518.450,00 денари како и се усвои изменет и дополнет Финансиски план на КИРСМ за 2020 година на начин што, после ставката 51 се додава нова ставка 52 која гласи:„ за учество за купување на недвижност на Комората со предвидени расходи во износ 2.000.000,00 денари" а износот од 7.518.450,00 денари на име вкупно расходи се менува и гласи : „9.518.450,00 денари".

**<u>Вонредно собрание на КИРСМ одржано на ден 04.06.2021 година во хотел DoubleTree by Hilton, Скопје</u>**. На седницата на ова Собрание беа донесени следните позначајни одлуки и тоа:

- Се избира извршител Биљана Николовска за член на Управен одбор на Комората на извршители на РСМ за подрачјето на Апелациониот суд Скопје, со мандат од 11.06.2021 година;

- Се избираат извршител Александар Максимовски, извршител Васко Еленов и извршител Маријана Кацарска Могилевска, за членови на Надзорен одбор на Комората на извршители на РСМ, со мандат од 11.06.2021 година и

- Се избира Арбер Исаку за заменик член на Дисциплинска комисија на Комора на извршители на РСМ по предлог на Совет на јавните обвинители на РСМ, со мандат од 04.06.2021 година.

**Вонредно Собрание на КИРСМ одржано на ден 16.10.2021 година во хотел Сириус, Струмица.** На седницата на ова Собрание беа донесени следните одлуки:

- Се пристапува кон измена на Годишен извештај за работата на КИРСМ од 01 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година;

- Се усвојува изменет Годишен извештај за работата на Комората на извршители на РСМ од 01 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година.

## 2.1 Управен одбор на КИРСМ

Управниот одбор на КИРСМ во текот на оваа извештајна година има одржано вкупно 14 седници на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

- Се утврдува Нацрт- правилникот за начинот на примопредавање на должноста од поранешниот извршител на новоименуваниот извршител, за регулирање на правата и обврските во постапување и распределба на средства за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложен труд дел бр. 02-595/14 од 29.12.2020 година изготвен од работната група и истиот по електронски пат да се достави до членови на Собранието веднаш на јавна расправа која ќе трае 7 (седум дена) а исто така до сите членови на Собранието да се достави и издвоеното мислење на Нацрт-правилникот за начинот на примопредавање на должноста од поранешниот извршител на новоименуваниот извршител, за регулирање на правата и обврските во постапување и распределба на средства за надомест на трошоци, дејствија и награда врз основа на вложен труд дел бр. 02-595/14 од 29.12.2020 година од Извршител Билјана Николовска;

- Се доделува Плакета за  успешност во извршителската дејност за 2020 година на Извршител Крум Коцарев од Скопје. Во иднина Управниот одбор на Комората нема да доделува Плакета за успешност во извршителската дејност;

- За членови на Комисија за континуирана и задолжителна едукација на КИРСМ започнувајќи од 23.02.2021 година се избираат следните извршители: Извршител Весна Јакимовска од Гостивар, Извршител Емилија Павловска од Штип, Извршител Васко Еленов од Кавадарци и Извршител Благоја Каламатиев од Скопје;

- Се усвои Правилник за работа на Комисија за односи со јавност на Комората на извршители  на Република Северна Македонија;

- Се утврдува Предлог текстот на Меморандумот за соработка помеѓу Комората на извршители на РСМ и Фонд за ПИО на РСМ со предложените измени и дополнувања и истиот да се проследи до Фондот за ПИО на РСМ со цел негово разгледување;

- Се дополнува Одлука дел бр. 02-652/4 од 11.12.2020 година на УО на КИРСМ на начин што, после став 1 се додава нов став 2 кој гласи:„ Комисијата за нормативна дејност по донесување на одлуката за поведување на постапка за донесување или измени на акти на Комората од страна на Управнот одбор на Комората во која ќе биде утврден и делокругот на нејзината работа, пристапува кон изготвување на акти.”

- Комората на извршители ќе достави предлог за измени на Известување за добивање извештаи за трансакциски сметки на должници по повластени услови од КИБС дел бр. 03-161/1 од 19.03.2021 година со измена доставена на ден 23.03.2021 година на начин што, во точка 1 од Известувањето рокот за пријава наместо 30 дена да биде 60 дена, во точка 3 од Известувањето наместо даночен број и извршно решение да биде наведен ЕМБГ на должникот и И.бр., понатаму, во точка 9 записите со информација за непостоење на активна сметка да не се тарифираат и записите во точка 12 б) наместо да бидат до реден број 800 да бидат до реден број 500;

- Се формира работна група за изработка на Кодекс на однесување согласно член 44 од Законот за заштита на личните податоци и соработка со Агенција за зашитита на

личните податоци во состав од: Извршител Благојче Кипровски од Скопје, Извршител Драган Кочовски од Велес, Извршител Васко Блажевски од Скопје, Кристина Терзиевска Вучевска В.д Секретар на КИРСМ и Љубица Новјановска Брајковска, Офицер за заштита на лични податоци на КИРСМ. Се задолжува работната група да одржува состаноци со Агенцијата за заштита на личните податоци на РСМ и да ги прибере сите потребни информации со цел изработка на Кодекс на однесување согласно член 44 од Законот за заштита на личните податоци до средина на месец јули 2021 година и истиот да го достави до Управниот одбор на КИРСМ. Се прифаќа понуда од Фоксит ДОО Скопје за изработка на корекции на веб сајтот на Комората на извршители на РСМ согласно Закон за заштита на лични податоци во износ од 900 евра без ДДВ. Се прифаќа Политика на приватност и истата да се објави на веб сајот на Комората на извршители на РСМ;

- Се задолжува Стручната служба на КИРСМ да изготви анализа на годишните извештаи по член 56 став 2 од ЗИ за 2020 година на начин што, ќе се издвојат канцелариите каде што постојат големи отстапувања помеѓу приходите остварени по основ на надоместок за обработка на предмет, трошоци за преземени дејствија и награда за реализираните извршни исправи и завршните сметки;

- Се формира работна група за организација на 15-годишнина од основање на Комората на извршители на РСМ која свеченост ќе се одржи на ден 04.06.2021 година после изборното собрание со почеток во 13 часот во состав од: Извршител Весна Деловска од Скопје, Извршител Билјана Николовска од Куманово и Извршител Васко Блажевски од Скопје. Работната група ќе има задача да даде свои предлози за организирање на свеченоста до 20 мај 2021 година и да ги достават до Управен одбор на КИРСМ;

- Комората на извршители на РСМ врши набавка на сервер, оперативен систем и упс за потребите на КИРСМ. Се прифаќа понудата од Фоксит ДОО Скопје за набавка на сервер, оперативен систем и упс;

- Се формира делегација од два члена за присуство на редовен конгрес организиран од МУСИ, кој ќе се одржи во Дубаи, во месец ноември 2021 година. Да се применат предлог роковите, кои МУСИ ги достави до КИРСМ за да поповолно се уплатат трошоците за конгресот;

- Се формира работна група за изработка на измени и дополнувања на Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот во состав од: извршител Васко Блажевски, извршител Драган Кочовски, извршител Николче Диневски, извршител Чедомир Личковски и Љубица Новјановска Брајковска, од Стручната служба на КИРСМ. Се задолжува работната група да изработи и предлог упатство за унифицирано пополнување на податоците во софтверската програма од страна на извршителите во кварталните извештаи и во Годишниот писмен извештај. Да се извести Министерството за правда дека податоците во ставките: вкупен број на примени барања за извршување, вкупен број на реализирани извршни исправи, број на реализирани извршни исправи од примените во извештајната година, вкупен износ на наплатени средства по основ надоместок за обработка на предмет, вкупен износ на наплатени средства по основ на преземени извршни дејствија и вкупен износ на наплатени средства по основ награда за извршување ќе претрпат измена во Годишниот извештај за работата на КИРСМ за 2020 година, и како конечни податоци ќе се внесат податоците од годишните извештаи за работата на извршителот за 2020 година согласно член 56 став 2 од ЗИ доставени од страна извршителите до КИРСМ заклучно до 15.03.2021 година. Годишниот извештај за работа на КИРСМ за 2020 година, да се избрише од веб сајтот на Комората. Предлог корегиран Годишен извештај за работата на КИРСМ за 2020 година, да се достави на разгледување и усвојување на наредна седница на Вонредно Собрание на КИРСМ;

- Врз основа на иницијатива од страна на Управниот одбор на КИРСМ согласно член 58 од Статутот на Комората на извршители на РСМ, се поведува постапка за изработка на измени и дополнувања на општ акт- Статут на Комора на извршители на РСМ од страна на Комисија за нормативна дејност на Комора на извршители на РСМ со рок на изработка до 31.12.2021 година. Се задолжува Комисијата за нормативна дејност на Комора на извршители на РСМ да пристапи кон изработка на предлог измени и дополнување на Закон за извршување (Службен весник бр. 72/16,142/16,233/18 и 14/20) и предлог Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите со рок на изработка до 31.12.2021 година. Се овластува Стручната служба на Комората на извршители на РСМ да се обрати до сите извршители да доставаат свои предлози за измени и дополнувања на Статутот на Комората на извршители на РСМ, Законот за извршување (Службен весник бр.

72/16,142/16,233/18 и 14/20) и предлог Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите и истите да ги достават по електронски пат до Комората на извршители на РСМ до 15.09.2021 година. По усвојување на изменет Годишен извештај за работа на КИРСМ за 2020 година, истиот да се објави на веб страната на Комората, и да се достави до Министерството за правда на РСМ;

- Се усвојува измена на одлука на УО дел.бр.02-351/3 од 29.07.2021 година во делот означен под римско два, и истата гласи: Се задолжува Комисијата за нормативна дејност на Комората на извршители на РСМ да пристапи кон изработка на предлог измени и дополнување на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20) и предлог Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите, со рок на изработка до 31.10.2021 година;

- Се избира извршител Јорданчо Давитковски од Крива Паланка за член на Комисија за континуирана и задолжителна едукација на извршителите, започнувајќи од 16.09.2021 година;

- Се одобрува редизајн на веб сајтот на Комората на извршители на РСМ;

- Се продолжува мандатот на Работна група формирана за изработка на Кодекс согласно Закон за заштита на лични податоци, во состав: извршител Драган Кочовски, извршител Благојче Кипровски, извршител Васко Блажевски, и од Стручната служба на КИРСМ, Кристина Терзиевска Вучевска и Љубица Новјановска Брајковска, до 31.12.2021 година;

- Се формира Комисија за изработка на сите потребни акти за извршителските канцеларии, заради усогласување на потребите на извршителската канцеларија со новиот Закон за заштита на лични податоци, во состав: извршител Ивана Нешовска од Скопје, извршител Александар Чамовски од Струмица, извршител Васко Блажевски од Скопје и извршител Славица Ацовска од Тетово, со рок за изработка на актите до 31.12.2021 година;

- Се задолжува Претседателот на Комората на извршители на РСМ да именува еден надворешен член во Комисијата за изработка на сите потребни акти за извршителските канцеларии, заради усогласување на потребите на извршителската канцеларија со новиот Закон за заштита на лични податоци;

- За членови на Стручен совет на КИРСМ со мандат од 1 (една) година започнувајќи од 03.10.2021 година до 03.10.2022 година се избираат тројца членови и тоа: Професор д-р. Милка Ракочевиќ од Правен факултет „ Јустинијан прави”, Селим Адеми од Судски совет на РСМ и Емилија Павловска, извршител од Штип. Дополнителен избор на членови на Стручен совет на КИРСМ ќе се изврши на наредна седница на Управен одбор на КИРСМ;

- Предлог – концепт на Проект за заедничка соработка ( Продажба на недвижност во извршна постапка) од Друштво за финансиски консалтинг ЕОС Матрих дел бр.402/3 од 27.09.2021 година и Извештај од одржан состанок во Комората на извршители на РСМ помеѓу Претседателот на КИРСМ и претставници од ЕОС Матрих се доставуваат до Комисијата за односи со јавност на КИРСМ која до следната седница на Управниот одбор е потребно да изготви предлог мислење за понатамошни постапки за официјализирање на ваквата соработка;

- Се прифаќа понудата од Фоксит ДОО за користење, одржување на софтвер за електронско архивирање е-Архива, одржување на компјутерска опрема и WEB страна во износ од 5.890,00 денари +18% ДДВ. Се задолжува Претседателот на КИРСМ да склучи Анекс договор за продолжување на Договор за имплеметација, користење и одржување на софтвер за електорнско архивирање е-Архива и одржување на компјутерска опрема и WEB со Фоксит ДОО Скопје за период од една година и тоа од 01.10.2021 година до 01.10.2022 година;

- Се одобруваат финансиски средства во реален износ за обезбедување на визи, авионски карти и сместување на двајца учесници од Комората на извршители на РСМ на 24-тиот Интернационален конгрес на судски извршители во Дубаи во период од 22-25.11.2021 година;

- Се менува став 2) од Одлука дел бр. 02-298/4 од 24.06.2021 година донесена на 219-та седница на Управен одбор на КИРСМ на начин што, за учесник на XXIV Интернационален конгрес на судски извршители на местото на Билјана Николовска член на УО на КИРСМ се избира Драган Кочовски член на УО на КИРСМ и истата гласи: „Се избираат Ванчо Марковски, Претседател на КИРСМ и Драган Кочовски член на УО на КИРСМ за учесници на XXIV Интернационален конгрес на судски извршители кој ќе се одржува во период од 22.11-25.11.2021 година во Дубаи”;

- Комората да организира средба на која ќе присуствуваат сите членови на Управниот одбор и Билјана Николовска како тужител заради заедничко разгледување на тужбата против КИРСМ.

- Се задолжува извршител Гордан Станковиќ да го подготви барањето до Врховен суд на РСМ заради воедначување на судската пракса на пониските судови во врска со прашањето-постапките каде што извршителот тужи странка за ненаплатени извршни трошоци и да го достави до Претседателот на КИРСМ а потоа истото да се достави до Врховниот суд на РСМ;

- Се утврдува дека за учество во Комисиите и работните тела при КИРСМ на член од редот на извршителите за изработка на соодветен правен акт му следува паричен надоместок и тоа: За изработка на предлог измени и дополнувања на Закон за извршување следува паричен надоместок во висина од 150 евра по лице; За изработка на предлог измени и дополнувања на Статут на Комора на извршители на РСМ следува паричен надоместок во висина од 120 евра по лице; За изработка на предлог измени и дополнувања на Тарифата за награда и надоместок за работата на извршителите и Правилници следува паричен надоместок во висина од 100 евра по лице; За изработка на Деловници, упатства и други правни акти следува паричен надоместок во висина од 80 евра по лице;

- Се доделува парична помош во висина од 100.000,00 денари во нето износ на семејството на поранешниот извршител Драган Алексиќ од Куманово;

- За член на Комисија за континуирана и задолжителна едукација на КИРСМ се избира извршител Игор Антевски од Скопје започнувајќи од 18.11.2021 година;

- Комората на извршители на РСМ ќе организира обука за новоименувани извршители во период од 2019-2021 година во втора половина на месец декември 2021 година во Скопје а датумот и времето на одржување на обуките дополнително ќе бидат утврдени;

- Комората на извршители на РСМ да го извести Трендком ДООЕЛ Делчево дека го раскинува Договорот за користење на услуга Витруелен Приватен Сервер дел бр. 03-417/18 од 01.05.2017 година склучен помеѓу Комората на извршители на РСМ и Трендком ДООЕЛ Делчево, заклучно со датум 30.11.2021 година. Податоците од

Виртуелен Приватен Сервер од Трендком ДООЕЛ Делчево преку Фоксит ДОО Скопје да се дислоцираат на сервер на Комората на извршители на РСМ;

- Комората да дефинира повик во кој што повик ќе бидат наведени општите цели кои што треба да ги остварува Комората и истиот да се достави до сите поголеми доверители;

- Се одобрува Одлука дел бр.02-488/2 од 12.11.2021 година на Претседател на КИРСМ која гласи: „По повод Барање за номинирање на претставник во работна група за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување бр. 21-2862/1 од 04.11.2021 година на Министерството за правда на РСМ примено во Комората на извршители на РСМ на ден 11.11.2021 година и заведено под дел бр. 03-488/1, Претседателот на Комората на извршители на РСМ за член и заменик член на работната група за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување од Комората на извршители на РСМ ги номинира следните извршители: Извршител Николче Диневски од Битола за член на работна група и Извршител Билјана Николовска од Куманово за заменик член на работната група. Се задолжува Стручната служба оваа одлука да ја достави до Министерството за правда на РСМ и до номинираните лица од редот на Комората на извршители на РСМ“;

- По повод Барање за назначување на контакт лице дел.бр. 03-523/1 од 25.11.2021 година на Совет за информатичко-комуникациска технологија при Министерство за правда од Комората на извршители на РСМ се назначуваат следните лица: Извршител Павел Поп-Иванов од Скопје и Љубица Новјановска Брајковска од Стручна служба на КИРСМ;

- Се разгледаа предлог измените и дополнувањата на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. 72/16,142/16,233/18 и 14/20) изготвени од Комисијата за нормативна дејност на Комората на извршители на РСМ при што, Управниот одбор на КИРСМ во целост се согласува со предлог измените и дополнувањата на Законот за извршување ( Службен весник на РМ бр. 72/16,142/16,233/18 и 14/20) изготвени од Комисијата за нормативна дејност на КИРСМ. Се задолжуваат членовите на работната група номинирани од Комората на извршители на РСМ после секој состанок на работната група за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување при Министерството за

правда на РСМ да го известуваат Претседателот на Комората а по потреба и Управниот одбор на Комората за текот на работата на работната група. Се задолжува Стручната служба предлог измените и дополнувањата на Законот за извршување изготвени од Комисијата за нормативна дејност при КИРСМ а за кои е дадена согласност од Управниот одбор на Комората, да ги достави до извршителите;

## 2.2 Претседател на КИРСМ

### 2.2.1 Разгледување на претставки

До Комората на извршители на РСМ во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година беа доставени вкупно 143 претставки од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРСМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

Од вкупниот број на претставки примени во текот на 2021 година, 7 претставки остануваат нерешени и се префрлуваат за следната 2022 година, а 12 претставки префрлени од 2020 година, беа решени во 2021 година. Во текот на 2021 година од страна на Претседателот на КИРСМ во повторена постапка, се разгледани 2 претставки од 2020 година, поради тоа што решенијата донесени по тие претставки, беа поништени од страна на Управниот суд. Вкупниот број на решени претставки од страна на Претседателот на КИРСМ, во рамки на оваа извештајна година изнесува 133.

Претседателот на Комората во текот на 2021 година достави 2 (два) одговори по поднесени тужби за поведување на управен спор до Управен суд на РСМ поднесени од страна на лица, подносители на претставки. Воедно во текот на 2021 година беше доставен и 1 (еден) Одговор на барање за повторување на постапка, правосилно завршена со пресуда на Управен суд, поднесено од страна на извршител.

| **Број на Тужби поднесени до Управен суд:** | **по повод решение на Претседател на КИРСМ по претставка** | **по повод решение на Дисциплинска комисија при КИРСМ** | **Вкупно:** |
|---|---|---|---|
| **2014** | **22** | **19** | **41** |
| **2015** | **9** | **6** | **15** |
| **2016** | **4** | **12** | **16** |
| **2017** | **8** | **15** | **23** |
| **2018** | **7** | **10** | **17** |
| **2019** | **2** | **3** | **5** |
| **2020** | **7** | **3** | **10** |
| **2021** | **2** | **0** | **2** |

Претседателот на КИРСМ во текот на 2021 година достави 4 (четири) одговори на жалби по повод управен спор до Виш Управен суд на РСМ.

| **Број на жалби** поднесени до Виш Управен суд на РСМ против одлуки на КИРСМ во 2020 | |
|---|---|
| Поднесени жалби во врска со решение на Претседател на КИРСМ по претставка | 1 |
| Поднесени жалби во врска со решение на Дисциплинска комисија при КИРСМ | 3 |
| **Вкупно** | **4** |

Претседателот на КИРСМ во 2021 година поднесе (4) барања за извршување против извршител по основ долг за неисплатена парична казна изречена со одлука на Дисциплинска комисија на КИРСМ.

Претседателот редовно доставуваше известувања до Народниот правобранител на РСМ по пристигнати барања за известување со барање за превземање дејствија од страна на НП на РСМ а по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите, како и по повод барања податоци од Јавното обвинителство на РСМ.

### 2.2.2 Утврдување на просторни услови

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларија на извршител со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи ( „Службен Весник на РМ“ бр.226/16 од 30.12.2016 година). Врз основа на спроведениот увид, Претседателот донесе 13

(тринаесет) позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

### 2.2.3 Членарина

Претседателот на КИРСМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини , поднесе:

- Еден предлог до надлежен нотар за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог;
- Три барања за извршување против извршител врз основа на решение за издавање на нотарски платен налог по основ на долг за неплатена членарина спрема Комората.

### 2.2.4 Средби

Во текот на 2021 година Претседателот на КИРСМ оствари повеќе средби со претставници на институции. Од остварените работни средби како најзначајни се издвојуваат следните:

- На ден 16.02.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Моника Муча, остварија состанок со директорот на Управата за водење матични книги.
- На ден 09.03.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, извршител Катерина Кокина од Скопје, извршител Емилија Павловска од Штип, извршител Васко Еленов од Кавадарци и извршител Билјана Николовска од Куманово, остварија состанок со претставници на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ.
- На ден 12.03.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Николче Диневски, преку електронска врска остварија средба со претставници од Македонско кредитно биро.
- На ден 18.03.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Катерина Кокина од Скопје, преку електронска врска остварија средба со претставници на КИБС.
- На ден 16.04.2021 година, извршител Драган Кочовски оствари онлајн средба со заменик директорот на Агенција за заштита на лични податоци.
- На ден 06.05.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, Извршител Златко Пејовски од Скопје, Извршител Николче Диневски од Битола и Извршител Билјана Николовска од Куманово, преку електронска врска остварија

средба со претставници на Агенција за катастар на недвижности и Управа за јавни приходи.

- На ден 10.05.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Николче Диневски од Битола, оствариja средба со претставници од Владата на РСМ;
- На ден 12.05.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршителот Николче Диневски учествуваа на онлајн конференција за презентација на Вториот национален извештај за Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во правосудството;
- На ден 20.05.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, оствари средба со Министерот за правда.
- На ден 09.06.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, оствари средба со претставници од Управата за финансиска полиција.
- На ден 07.07.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Никоче Диневски од Битола, остварија состанок со Заменик на Претседателот на Владата на РСМ за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси г-дин Љупчо Николовски.
- На ден 08.07.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и претставници од Министерството за правда на РСМ остварија состанок со директорот на Фондот за ПИО и со претставници од Министерството на труд и социјална политика.
- На ден 09.07.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Николче Диневски, преку електронска врска остварија состанок со претставници од Народна банка на Република Северна Македонија.
- На ден 26.07.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, извршител Билјана Николовска од Куманово и Извршител Драган Кочовски од Велес, остварија средба со претставници на Македонската банкарска асоцијација.
- На ден 27.07.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски оствари координативен состанок со претставници од ГИЗ.
- На ден 24.08.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Билјана Николовска од Куманово, остварија состанок со Проф. Д-р. Татјана Зороска Камиловска.
- На ден 27.08.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Николче Диневски од Битола, учествуваа на презентација на функционалната анализа на Министерството за правда во Центар за правни и политички истражувања.
- На ден 10.09.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, извршител Драган Кочовски и извршител Васко Блажевски учествуваа на состанок со претставници од Агенцијата за заштита на лични податоци.
- На ден 21.09.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски оствари средба со директорот на EOS Matrix Скопје.
- На ден 05.10.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски и извршител Јадранка Јовановска од Куманово, оствари состанок со претставници од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Куманово.

- На ден 19.10.2021 година, Претседаталот на КИРСМ Ванчо Марковски оствари состанок во Министерството за правда по повод приклучување кон проектот за интероперабилност;
- На ден 20.10.2021 година во Комората на извршители на РСМ, Претседателот на Комората Ванчо Марковски и извршител Билјана Николовска одржаа работен состанок со Генералниот секретар на МУСИ Г-дин Јос Утехааг, Г-ѓа Јоке Пистерс од Центар за меѓународна правна соработка Холандија, Г-ѓа Вероника Ефремова од ГИЗ и Проф. д-р Татјана Зороска Камиловска од Правен факултет Јустинијан Први;
- На ден 01.12.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, присуствуваше на свечената академија организирана од страна на Академијата за судии и јавни обвинители.
- На ден 03.12.2021 година, Претседателот на КИРСМ Ванчо Марковски, извршител Николче Диневски и извршител Билјана Николовска, зедоа учество на тркалезната маса организирана онлајн во рамки на работилница „Зајакнување на правната рамка на извршување во Северна Македонија".
- На ден 28.12.2021 година, извршител Николче Диневски, извршител Драган Кочовски и извршител Гордан Станковиќ присуствуваа на состанок со претставници од EOS Matrix Скопје.

### 2.2.5 Соработка со Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година до Комората на извршители на РСМ се поднесени 3 (три) барања за пристап до информации од јавен карактер. Од страна на Комората на извршители на РСМ позитивно е одговорено на сите три барања. По две барања е донесено Решение со кое е одобрен пристап до информациите од јавен карактер-согласно барањето, а по едно барање делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер. Комората на извршители на РСМ уредно ја исполни обврската и изготви Годишен извештај за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, кој ќе се достави до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

### 2.2.6 Заштита на лични податоци

Комората на извршители на Република Северна Македонија во текот на 2021 година имаше зголемена активност во поглед на спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци. Покрај обуките за заштита на личните податоци организирани од Агенцијата за заштита на личните податоци на РСМ на кои учествуваа вработени во Комората, Претседателот на Комората заедно со членот на Управен одбор Драган Кочовски и извршителот Васко Блажевски од Скопје одржаа состанок со претставници на

Агенцијата за заштита на лични податоци на тема спроведување на Законот за заштита на лични податоци во канцелариите на извршителите и во Комората. Состанок со заменик директорот на АЗЛП одржа и извршителот Драган Кочовски од Велес. На ден 30.09.2021 година, извршител Васко Блажевски учествуваше на конференција организирана од страна на Агенција за заштита на лични податоци.

Во однос на спроведување на Законот за заштита на личните податоци, Управниот одбор на Комората донесе одлука за формирање на работна група за изработка на Кодекс на однесување согласно член 44 од Законот за заштита на личните податоци и Комисија за изработка на акти за усогласување на извршителските канцеларии со Законот за заштита на личните податоци. Комисиијата и работната група во текот на 2021 година, одржаа по два состаноци. Активноста на комисијата и работната група продолжуваат и во текот на следната година.

### 2.3 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во текот на оваа извештајна година своите активности ги спроведе одржувајќи седници и главни претреси.

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година беа доставени 6 (шест) предлози за поведување на дисциплинска постапка, од кои три беа доставени од страна на Министерството за правда на РСМ, а три предлози беа доставени од страна на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, како овластени предлагачи за поведување на дисциплинска постапка. Од страна на ДК при КИРСМ во текот на 2021 година беше постапено и по 4 предмети кои беа префрлени од претходната 2020 година.

Во текот на 2021 година беа донесени 8 (осум) решенија од страна на ДК при КИРСМ, и тоа: четири решенија со кои се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка поради застареност, едно решение со кое се одбива предлогот и се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршителот, едно решение со кое се изрекува парична казна, едно решение со кое се изрекува Привремено одземање на правото за вршење на должност извршител во траење од 6 месеци и решение за привремена забрана за вршење на должност- суспензија. По три предмети ќе се одлучува во следната 2022 година.

| Година | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршители | 98 | 101 | 97 | 91 | 99 | 96 |
| Вкупен број на предлози за Дисциплинска посапка | **5** | **3** | **10** | **14** | **3** | **6** |
| Решение со кое се одбива предлогот – не е сторена дисциплинска повреда | //// | //// | //// | 3 | 1 | 1 |
| Дисциплинска мерка – парична казна | //// | 2 | 5 | 5 | 1 | 1 |
| Дисциплинска мерка – писмена/ јавна опомена на извршител | //// | 1 | 2 | 1 | /// | /// |
| Решение – привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија | //// | //// | 2 | //// | /// | 1 |
| Решение – Трајно одземање на правото на вршење на должност извршител | //// | //// | 1 | //// | /// | /// |
| Решение –Привремено одземање на правото за вршење на должност | //// | //// | 1 | 1 | /// | 1 |
| Решение –се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка | 5 | //// | 1 | 3 | /// | 4 |

Во текот на 2021 година, Претседател на Основен суд како овластен предлагач, нема поднесено до ДК предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител.

## 2.4 Надзорен одбор на КИРСМ

Надзорниот одбор во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2021 година, одржа четири седници на кои беше спроведен надзор над финансиското работење на Комората на тромесечни периоди во текот на 2021 година. Врз основа на обврската од Статутот на КИРСМ, Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[6] .

[6] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

## 2.5 Стручен совет на КИРСМ

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2021 година одржа седум седници од кои една конститутивна, на која беше избран претседател на Стручен совет на КИРСМ и заменик претседател на Стручен совет на КИРСМ. Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2021 година му предложи на Управниот одбор на КИРСМ да усвои 8 правни мислења и едно дополнение на правно мислење.

## 2.6 Комисија за стручна едукација на извршители

Комисијата во состав од пет члена, во текот на 2021 година одржа седум седници на кои донесе пет одлуки, три препораки, седум заклучоци, а во три наврати до Управниот одбор на КИРСМ достави Предлог теми за семинар на извршителите и предлог предавачи за семинар. Комисијата на седница одржана на ден 25.01.2021 година донесе Предлог програма за задолжителна едукација на извршителите за 2021 година, а на конститутивна седница одржана на ден 11.03.2021 година, беше избран Претседател на Комисјата. Комисијата на седница ги утврди предлог темите за Семинар на извршителите што се одржа на ден 26.06.2021 година во Охрид, како и предлог теми за Семинар на извршителите што се одржа на ден 16.10.2021 година во Струмица.

## 2.7 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител

Во текот на оваа извештајна година, Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител одржа 2 седници. На ден 17.05.2021 година беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на шест извршители за шест подрачја на Основни судови во РСМ, и тоа на местата на пет извршители чија должност престанала и едно ново извршителско место. На седницата беа разгледани 14 (четиринаесет) пријави со прилози од кандидати доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Комисијата констатираше дека за едно од објавените извршителски места нема поднесено пријави од заинтересирани кандидати. Од страна на Комисијата беше утврдено дали кандидатите ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување па беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На седница на Комисија одржана на ден 07.07.2021 година беше разгледан Конкурс објавен од страна на Министерството за правда за именување на тројца извршители за три подрачја на Основен суд во РСМ, на местото на тројца извршители

чија должност престанала. На седницата беа разгледани 14 (четиринаесет) пријави со прилози од кандидати доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Комисијата констатираше дека за едно од објавените извршителски места нема поднесено пријави од заинтересирани кандидати. Од страна на Комисијата беше утврдено дали кандидатите ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување па беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

Во текот на оваа извештајна година, Комората на извршители спроведе 3 (три) постапки за утврдување на предлог по пат на ждрепка меѓу извршителите од подрачјето на основните судови од каде биле извршителите чија должност престанала, а кои предлози ги достави до Министерството за правда за донесување на решение за определување на извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ги преземе предметите на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно Законот за извршување.

## 2.8 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа

Во оваа извештајна година Комисијата за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, изврши 2 (два) надзори над работењето на извршителите по однос на примена на Тарифа, по што до Управниот Одбор на КИРСМ достави 2 (две) мислења со кои не се утврдени состојби кои укажуваат на неправилна примена на Тарифа од страна на извршител. По едно мислење кое беше доставено од страна на Комисијата во 2019 година во кое беше утврдена состојба на неправилна примена на Тарифа од страна на извршител по конкретен предмет, Претседателот на КИРСМ изготви и достави Предлог за поведување на Дисциплинска постапка до ДК при КИРСМ.

Во оваа извештајна година остана незавршен 1 (еден) надзор над работењето на извршител за правилна примена на Тарифа, кој ќе се спроведе во текот на наредната година.

## 2.9 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( „Службен Весник на РМ“ бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на

извршителот и Комората на извршители на Република Македонија донесен на седница на Вонредно собрание на Комората на извршители на Република Северна Македонија одржана на ден 20.06.2016 година, со одлука на Управен одбор на КИРСМ се одобри Годишниот распоред на Комората на извршители на РСМ за 2021 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите. Согласно доставените извештаи за присуство во општини извршителите присуствува согласно Годишниот распоред за период од 15.01.2021 година до 24.12.2021 година, меѓутоа како резултат на оваа активност во текот на 2021 година не беше примено ниту едно барање за извршување од физичко лице доставено до извршител присутен на одредениот ден во просториите на општината.

## 3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници

### Семинар на извршители

Комората на извршители на РСМ на ден 26.06.2021 година организираше семинар на извршителите кој се одржа во хотел Метропол, Охрид. На семинарот беа обработени следните теми:„ „Како извршителот да избрише заложни права врз подвижен предмет кој е продаден во извршување, а се запишани во Централен регистар и товари во корист на други доверители", „Пресметување ДДВ при продажба на недвижен имот и подвижни предмети" , „Постапување на судовите по приговор а во врска со член 93 став 3 од ЗИ и постапување на судовите по истакнато барање од извршител да се досудат трошоци за одговор по приговор и дадена жалба од извршител како и за достава на одговор на приговор до странките и третите лица" и „ Наплата на награда и трошоци од странки со преземање извршни дејствија по донесен Заклучок за утврдување трошоци на извршување."

Комората на извршители на РСМ на ден 16.10.2021 во хотел Сириус, Струмица одржа семинар на кој беа обработени следните теми:„ Спроведување на извршување над недвижен имот опишан во лист за предбележба на градба по член 205- а од Законот за извршување и преземање на извршни дејствија над недвижен имот кој останал со

незапишани сопственички права по член 239-а од Законот за извршување” и ,, Законот за зашитита на личните податоци в.в. обврските на извршителите и Комората на извршители на РСМ”.

На ден 24.12.2021 година, Комората на извршители на РСМ во хотел Queen’s Скопје одржа обука за извршителите именувани во период од 2019-2021 година на која беа обработени следните теми: ,,Реализација на залог на подвижни предмети ( примена на член 220 до член 225)’’, ,,Права и обврски на новоименуваниот извршител во однос на долговите на извршителот чија должност престанала”, ,,Извршување врз побарувања на должников должник од аспект на статус на новоименуван извршител кој располага со посебната сметка на извршителот чија должност престанала” и ,, Дискусија за провизиите на посебната сметка од претходен извршител”.

## 4.Меѓународни активности на КИРСМ

Оваа извештајна година, КИРСМ, со своите активности беше присутна и на меѓународен план при што на ден 25 јуни 2021 година делегација на Комората во состав на Претседателот Ванчо Марковски и извршител Билјана Николовска учествуваа на Пролетен Постојан совет на МУСИ кој се одржа преку видеоконференциска врска.

Во период од 21 до 25 ноември 2021 година во Дубаи, делегација на Комората во состав од Претседателот на Комората Ванчо Марковски и извршител Драган Кочовски учестуваа на 24-ти Меѓународен конгрес на Меѓународната унија на судски извршители.

## 5.Регионална соработка на КИРСМ

Во оваа извештајна 2021 година Комората ја продолжи и зајакна соработката во регионот и тоа со неколку активности :

- На ден 04.02.2021 година, Претседателот на Комората на извршители на РСМ Ванчо Марковски и извршител Билјана Николовска учествуваа на состанок кој се одржа преку видеоконференција во рамки на проектот „Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан“;
- На ден 29.05.2021 година, Претседателот на Комората Ванчо Марковски и извршител Силвана Митевска учестуваа на онлајн семинар во организација на Правен факултет Универзитет Унион и Комора на извршители на јавни извршители на Р. Србија;

- На ден 01.06.2021 година извршител Васко Еленов учествуваше на онлајн работилница за Прекугранична соработка во граѓанските и трговски спорови во рамки на проектот „ Прекугранично извршување на судски пресуди”;
- На ден 19.10.2021 година извршител Билјана Николовска учествуваше на регионална конференција во рамки на проектот „Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан“, која се одржа преку видеоконференција;
- На ден 08.11.2021 година Претседателот на Комората Ванчо Марковски, извршител Васко Еленов и извршител Силвана Митевска зедоа учество на онлајн конфернеција „ Прекугранично признавање и извршување на странски судски одлуки во ЈИЕ”.

# 6.Односи на КИРСМ со домашни и странски институции

А .Односи на КИРСМ со домашни институции

1. **Односи со Министерството за правда на РСМ**

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РСМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРСМ беа доставени вкупно 20 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 10 спроведени надзори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во извршувањето (во табелата подолу како вонредни надзори), додека 10 надзори се спроведени по основ на месечен план на Министерството за правда за спроведување на надзор ( во табелата како редовни назори).[7]




| | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно редовни надзори | 10 | 6 | 30 | 29 | 37 | 16 | 18 | 41 | 32 | 11 | 8 |
| Вкупно вонредни надзори | 10 | 22 | 14 | 9 | 13 | 14 | 58 | 66 | 72 | 71 | 57 |

[7] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.

Министерот за правда во оваа извештајна година формираше Работна група за измени и дополнувања на Законот за извршување во која учествува и Комората на извршители на РСМ со свои претставници, Извршител Николче Диневски и Извршител Билјана Николовска. Работната група заклучно до 31.12.2021 година одржа вкупно три состаноци.

## 7.Нормативна активност на Комората на извршители

Комисија за нормативна дејност составена од 5 (пет) члена во состав од: Николче Диневски Извршител од Битола, Зоран Петрески Извршител од Скопје, Билјана Николовска Извршител од Куманово, Јадранка Јовановска Извршител од Куманово и Благоја Каламатиев Извршител од Скопје на ден 09.02.2021 година одржа конститутивна седница. Во текот на 2021 година Комисијата за нормативна дејност одржа вкупно шест седници на кои се разработуваа Предлог-измените и дополнувањата на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите како и на Предлог измените и дополнувањата на Законот за извршување.

## 8.Односи на КИРСМ со други институции

Комората на извршители на РСМ до Државниот архив на РСМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РСМ, врз основа на кое извршителите со Решение на ДАРСМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2022 година.

## 9.Односи со медиумите

Во текот на оваа извештајна година беа реализирани неколку гостувања во телевизиски медиуми. Претседателот на Комората на извршители на РСМ Ванчо Марковски даде изјави за телевизија Сител и Телевизија Канал 5 на актуелни теми во извршувањето, а извршител Весна Деловска, гостуваше во утринската програма „Ја сакам

Македонија“ каде одговараше на прашања поставени од граѓаните во врска со извршувањето.

Комисијата за односи со јавност на Комората на извршители на Република Северна Македонија во текот на 2021 година одржа две седници, на едната се предложи Дополнување на Правилник за работа на Комисија за односи со јавност на КИРСМ, а другата беше посветена на односите со медиумите при одржување на јубилејот 15 години Комора на извршители на РСМ.

## 10.Одбележување на петнаесетгодишнина од основање на Комора на извршители на Република Северна Македонија

Во месец јуни 2021 година се одбележа јубилеј по повод 15-годишнина од основањето на Комората на извршители на Република Северна Македонија. На свечената академија  преку видеоконференциска врска се обрати и претседателот на Меѓународната унија на судски извршители, Марк Шмитц како и Јос Утехааг Секретар на Меѓународна унија на судски извршители кои истакнаа дека Комората на извршители на Република Северна Македонија постигна високо ниво на професионализам и достигнувања и дека КИРСМ се уште е пример за други држави. Министерот за правда истакна дека министерството ја продолжува добрата соработка со Комората и дека очекува да останат партнери бидејќи само со меѓусебна доверба може да се создаде уште поквалитетен систем за извршување. Поздравни говори имаа заменик претседателот  на Комората на извршители на Република Србија  Вујадин Масникоса, претседателот на Комората на јавни извршители на Р. Црна Гора Видак Латкович, претседателот на Комората на извршители на Р. Косово Арбен Гаши, како и Генералниот секретар на Балканска иницијатива за  извршување Дамир Шите. Во рамките на јубилејот на Министерството за правда на РСМ и на г-ѓа Мери Младеновска – Ѓорѓиевска поранешен Министер за правда им беа доделени Благодарници за креатори на реформата во извршувањето. На свеченоста им беа доделени плакети за особен придонес во извршувањето на Проф. д-р во пензија Арсен Јаневски, г-ѓа Радица Лазаревска Геровска државен советник при Министерството за правда, г-ѓа Нена Ивановска независен консултант како и на извршителите кои со своето дејствување овозможија развој и етаблирање на извршителската професија и на Комората на извршители на РСМ.

## 11.Планови на Комората за 2022 година

Комората во 2022 година главниот фокус и активности ќе ги насочи кон измените и дополнувањата на Законот за извршување, Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, актите на Комората, подзаконските акти како и подигнување на статусот на извршителите како носители на јавни овластувања.

Комората во 2022 година планира да биде повеќе присутна во медиумите зацврстувајќи ја својата политика за односи со јавноста и известувања на медиумите за постигнатите резултати во извршувањето како и преземање на активности на Комората со цел подобрување на имиџот на извршителите во јавноста.

Комората ќе продолжи со активности за електронско поврзување со државните органи, институции, регистри и слично, со цел поекономично спроведување на извршувањето преку процесот на интероперабилност. Доколку за ваквото поврзување бидат потребни средства за подигнување на техничкото ниво на Комората и средства за редовно годишно одржување од страна на Комората ќе бидат преземени активности за изнаоѓање на потребните средства од надворешени извори.

Комората ќе ги продолжи своите заложби за подобрување на правната и економската сигурност на извршителите вкучително и институционално зајакнување на капацитетите на Комората.

Во однос на релациите со домашните институции, Комората планира да ја продолжи добрата соработка со Министерството за правда на РСМ, Нотарска комора, Адвокатската комора и Судовите во РСМ за усогласување на судска пракса и еднаква примена на Законот за извршување.

Се планира продолжување на соработката со Коморите во регионот и Меѓународната унија на судски извршители UIHJ (МУСИ) како и понатамошно учество во проектот „ Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан 2020-2024 кој е од големо значење за извршувањето во РСМ како и за целиот регион чија цел е да ги зајакне системите на извршување во Албанија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Ванчо Марковски